АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

НА ООУ „СТИВ НАУМОВ“-БИТОЛА

ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАД

БИТОЛА, ЈУНИ 2023

Важен предуслов за ефикасно, навремено и правилно вклучување во активностите на училиштето за надминување на вонредни состојби елементарни непогоди и превенција од терористички напад е дејствување според однапред подготвената стратегија за кризни интервенција или акционен план.

Овај Акционен план (во натамошниот текст планот) е направен со цел да се конкретизираат обврските на секој вработен во **ОУ ,,Стив Наумов ‘’– Битола** преку формирање на тим за справување со кризи во случаи на елементарна непогода и превенција од терористички напад за да истите не бидат затекнати од настаната ситуација.

Планот треба да ги има следните карактеристики:

1. Практичен
2. Прегледан
3. Добро артикулиран – дидактички

Планот треба да помогне во остварувањето на целите на кризната интервенција , а тоа се:

1. Намалување на општата напнатост (несигурност, неизвезност)
2. Превземање на контрола врз ситуацијата
3. Подготовка за прдолжена состојба на криза

Во насока на постигнување на првата цел особено корисни се следните ставови и однесување:

- Целосна информираност;
- Размена на лични искуства и факти;
- Толеранција на разликите во реакциите и начините на спраување со ситуацијата;
- Активен однос кон животните случувања;
- Изнаоѓање активности за релаксација, дружење и опуштање на сите членови на училишната заедница;

За остварување на втората цел потребно е компетентно водство, утврден и прифатен план за работа во кризни ситуации, постоење тимска работа, вклучување и респектирање на секој член пооделно, поврзаност на повеќе нивоа.

За таа цел училиштето формира тим (по предлог на директорот, а усвоен од наставничкиот совет на училиштето) за справување со кризи кој се менаџира со настанатана ситуација.

Бројот на членовите и самите членови на тимот се избираат по предлог на директорот, а предлогот се усвојува од наставничкиот совет на училиштето

Секој член на кризниот тим со овај план ќе добие точно утврдени упаства за неговите обрвски за време на кризата , со што брзо ефикасно и навремено ќе бидат санирани штетите, ќе се избегни појава на паника, ненавременото и некоординирано информирање на родителите, месното население и пошироката јавност.

Планот опфаќа елементарни непогоди од типот: пожари, поплави, земјотреси и превенција и справување со терористички напад – анонимна дојава и сомнителен предмет.

Овај план е одобрен од директорот на училиштето и е презентиран и усвоен од наставниците на наставничкиот совет, како и од советот на родители.

Во контекст на тоа кон планот е приложен и предлог нацрт работен документ , со кој ***сите податоци*** го пополнуваат членовите на тимот по предходна нивна одлука и договор.

Работниот лист со сите шеми и конкретно податоци го има секој вработен во училиштето и е должен е да знае да го толкува и недвосмислено да го употреби кога е неопходно

Основно при правењето на план за евакуација при било каков тип на елементарна непогода и анонимна дојава или сомнителен предмет е да се одреди тим кој ќе ги одреди преоритетите при секаков тип на евакуација и ќе биде задолжен за целосно спроведување на истата. Бројот на членови на тимот е во зависност од големината и потребите на училиштето. На чело на тимот стои главен кординатор. Сите членови на тимот соработуваат меѓусебно и се под водство на координаторите на тимот .

Кризен тим :

- Членовите се познаваат меѓусебе и постои утврден систем на функционирање;
- Членовите ја познаваат структурата на вработените во училиштето и нивните потенцијали за позитивно фузирање на енергија кон разрешување на проблемите;
- Членовите ги познаваат учениците и нивните специфични проблеми и потреби,
- Членовите се добро запознаени со инфраструктурните капацитети и техничката опременост на училиштето.

Информираноста на членовите на кризниот тим за лични карактеристики, реакции и ограничувања за време на кризата:

- Препознавање на личните доживувања во кризна ситуација;
- Разгледувања на нормални ситуации – последици од кризата;
- Ефикасно реагирање и користење на конструктивни начини на справување;
- Подготвеност за вложување многу напор и енергија подолго време;
- Вистинска заинтересираност, мотивираност;
- Отвореност и подготвеност за воочување и справување со кризни ситуации членовите на тимот интерферираат со слдените лични карактеристики:

➢ Потреба да се биде херој

➢ Потреба за контрола над настанатата ситуација

➢ Тешкотии во поднесување на туѓа болка, несреќа

➢ Потреба за давање помош

➢ Нелагодност да се биде во споредна позиција


➢ Потреба од перфекционизам

ТИМ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАД

Учебна 2023/2024


Директор - главен кординатор:
Николче Пискачев директор
Кординатор контакт со ученици
Заменик кординатор / тим
Кординатор за контакт со родители
Кординатор тим
Маре Ж. Трајковски
Кординатор за медицинска помош и стручна служба
Кординатор /советник за обезбедување на училиштето контакт со МВР
Кординатор за контакт со наставници
Кординатор / тим за контакт со медиуми

Директор – главен кординатор на кризен тим

Главниот кординатор пред и за време на криза и по неа треба :

- Да има детален увид на планот за справување со кризи
- Во секој момент да ја знае точната процедура за евакуација предвидена со планот
- Да е во постојан контакт со координаторот на тимот
- Да има увид за капацитетот на делување на релевантините институции при вакви ситуации
- Да воспостави брза комуникација со надлежните органи на државно и локално ниво и со кризни тимови од надвор кои би можеле да бидат повикани (разработување на стратегии за соработка со истите)
- Да ги извести и да комуницира со МВР и центар за справување со кризи
- Да преговара со евентуалниот дојавувач на бомба додека не стигни екипа од МВР
- Да свикува состаноци со кризниот тим на кои ќе се проверуваат и усогласуваат можните активности во случај на криза
- Да донесува одлуки за промена во училишниот распоред, обезбедувањето на зградата, доставувањето директиви и решенија
- Да донесува одлуки според развојот на настаните

Кординатор на кризен тим

Кординаторот на кризниот тим на сите свои одлуки се консултира со главниот кординатор т.е. директорот и работи под негова директива.

Лични карактеристики:

- Способност за организација и донесување на одлуки во услови на криза
- Авторитет при донесување на одлуки
- Способност за воспоставување на брз конктат и комуникација со администрацијата и раководството на училиштето

Активности пред кризата:

- Превземање одговорност за воспоставување . кординирање и појаснување на задачите и активностите за секој член од тимот
- Утврдување какви информации ќе бидат дистибуирани во услови на криза
- Назначување на заменик во случај на отсуство

Активности во текот на кризата:

- Известување на членовите од кризниот тим за настаната криза
- Комуникација со училишната администрација
- Кординација на членови на кризниот тим
- Овозможување на состаноци на тимот за меѓусебна подршка и разменување на информации помеѓу нив
- Правење што е можно повеќе записи за релевантините информации за настанот

Активности по кризата:

- Обезбедување предолжена подршка и помош на училишниот персонал

Кординаторот има за задачи во првите моменти по настанувањето на елементарната непогода или дојавување на бомба или сомнителен предмет да ги извести сите членови на тимот како и директорот на училиштето. Тој е во директен контакт со директорот и со сите останати членови од тимот. Бидејќи сите информации доаѓаат до него, и тој ги насочува кон останатите засегнати, и менаџира со нив.

Поради природата на неговите обврски во тимот секој вработен го знае координаторот на тимот и го известува за било каква појава на елементарна непогода за време на наставата анонимна дојава и сомнителен предмет. Потоа тој во првиот момент од кризата го известува директорот на настанатата ситуација (доколку истиот не е запознат) кој комуницира со МВР и центарот за кризи и ги известува сите членови на тимот кои не се наоѓале во моментот на настанување на кризата во училишниот објект.

Кординаторот на тимот има приоритетна листа за известување при појава на елементарна непогода:

1. Директор на училиште кој ги известува МВР-екипа за превенција од терористички напад и дирекција за заштита

2.Органи за справување со кризи

- Служба за итна медицинска помош
- Противпожарна служба
- Црвен крст

3.Членови од тимот

4.Помошен персонал

Заменик кординатор

Ги има истите карактериситики и задолженија како и координаторот. Делува заедно со него и како и во негово отсуство.

Координатор за ученици

Лични карактеристики:

- Неопходни познавања за ученичките емоционални потреби и обученост со техниките за работа со кризни ситуации
- Пожелно е добра комуникација и поврзаност со наставниците , стручните служби во училиштето и родителскиот совет
- Овозможување превенција на одереди емоционални реакции

Активности пред кризата :

- Неопходни познавања за ученичките емоционални потреби и обученост со техниките за работа со кризна ситуација
- Пожелно е добра комуникација и поврзаност со наставниците , стручните служби во училиштето и Совет на родители
- Овозможување превенција на одредени емоционални реакции

Активности во текот на кризата :

- Реализирање на планираните стратегии за поврзување со ресурсите на заедницата како служби на менталното здравје, професионални помагачи во рамките на заедницата
- Конктакти со професионалци обучени за: основи на прва психолошка помош , основи за советување во криза и препознавање на симптоми поврзани со благи или посериозни емоционални реакции

Активности по криза :

- Следење , советување , набљудување на ученици засегнати од кризата
- Помагање на учениците за реализација на училишните проекти за рехабилитација

Координатор за родители

Лични карактеристики :

- Вештина и способност да се зборува пред поголема група на луѓе
- Вештина за справување со реакции на емиционално засегнати родители , индивидуално или групно
- Личност која им е позната или достапна на родителите и во секојдневник ситуации

Активности пред кризата :

- Запознавање на родилите за постоењето на училишен кризен план неговите цели и неопходноста од него
- Развивање на непосредна комуникација со родителите за да се создаде чуство на блискост и доверба
- Подготвување на материјали за делење на информации
- Идентификување и попис на родителите кои живеат близу до училиштето и кои би можеле да бидат достапни во случај на кризата

Активности во текот на кризата :

- Обезбедување информации на родителите со точни податоци за настанот
- Координирање на родители кои дошле во училиштето за време на кризата и на оние упатите телефонски повици

Активности по кризата :

- Одржување редовни состаноци со родителите подолго време по кризата
- Добивање повратни информации од родителите , персоналот и членовите на тимот за да се утврди ефикасноста на планот
- Вградување на сугестии за делување при идни кризи

Координатор за наставниците

Лични карактеристики :

- Познат на сите доверлив омилен
- Поседува проактивен однос кон случувањата и флексибилен пристап кон извршување на обврските

Активности пред криза

- Креирање на материјали за информирање на наставниците
- Инструкции и едукација на наставниците за постоењето на кризниот план и постапувањето псред истиот во случај на криза

Активности во текот на кризата :

- Давање на инструкции на наставниците преку утврден систем на комуникација во случај на криза
- Обезбедување емоционална подршка пофалба и охрабрување
- Идентификување на наставниците кои имаат лични потешкотии во справувањето со кризата
- Обезбедување помошен персонал

Активности по кризата :

- Состаноци со наставниците и кризниот тим , за да се процесуира спроведувањето на планот и да се предложат измени доколку е потребно

Коодрдинатор за медиуми :

Лични карактеристики :

- Личност која нема проблем со појавување на ТВ или радио
- Добри интерперсонални вештини
- Пожелно е да го познава ставот на заедницата во однос на јавно презентирање

Активности пред кризата :

- Соодветна подготовка во согласност со правилата со односи со јавноста и ограничувања на медиумите (дали ќе се дозволи да се интервјуираат учениците , кога – каде и под кои околности)
- Да се развие општата форма на напишаната изјава која би се давала во медиумите за она што се знае за настанот
- Доколку има потреба во координација со одделот за превенција од терористички напад при анонимна дојава или сомнителен предмет да е подготвен да даде изјава.

Активности во текот на кризата :

- Веднаш да се даде соопштение од местото на настанот
- Одговарање на телефонските повици од медиумите
- Дочекување и сместување на претставниците од медиумите во посебен простор
- Користење на медиумот за контакт со надворешна институции
- Координатор на сите интервјуа кој би ги давале други ученици , наставници, родители
- Консултирање на записникот на настаните на сите членови на тимот пред да се даде соопштенит за печат

Активности по кризата:

- Обезбедување на информации за настаните што следат

Координатор за медицинска помош :

Лични карактеристики :

- Умешност за давање прва медицинска помош
- Да биде на располагање во тек на целиот работен ден во случај на потреба

Активности пред криза :

- Обучување и потукнување обука на повеќе лица за давање прва помош
- Познавање на најблиските служби за давање медицинска помош најдобар приод и контакт до нив
- Правење на листа на луѓе кои најбрзо можат да се вклучат во активностите за пружање медицинска помош
- Развивање план за систематско селектирање на приоритет за давање прва помош

Активности во текот на кризата:

- Давање помош на повредените
- Грижа на повредените
- Запис на идентитетот на повредените

Активности по кризата :

- Одржување на врска меѓу училиштето хоспитализираните и оние на домашно лекување

Координатор за безбедност:

Личност карактеристики :

- Познавање на правните и административните правила и прописи на училиштето

Активности пред кризата:

- Познавање на ситуацијата во кои е потребно веднаш да се повика екипа за превенција од терористички напад од МВР како и дирекција за безбедност и заштита
- Развивање на поврзаност меѓу административната служба, техничкиот персонал, учениците, обезбедувањето на училиштето, и локалната полиција

Активности во текот на кризата:

- Постапување во склад со знаењата за тоа кога е потребно да се повика полиција за помош
- Постапување во склад со знаењата за постапките за присино хоспитализирање и обезбедување на налог за тоа
- Постапување при обезбедување на сомнителен предмет во училиштето
- Постапување при анонимна дојава

Активности по кризата :

- Кординирање за повторно враќање на учениците во училишниот систем

Наставници

- Да знаат да ги препознаат првите знаци при настанување на елементарната непогода и да знаат како да реагираат според утврдениот план
- Да знаат да постапуваат при анонимна дојава како и сомнителен предмет
- Да им дадат напатствија на децата како да се однесуваат при настанувањето на елементарната непогода, анонимна дојава и сомнителен предмет и да го амортизираат првичниот стрес кај децата
- Да бидат обучени за давање на помош на деца со посебни потреби

Помошен персонал:

- Ги препознаат и одстранат дополнителните технички фактори кои можат да ја влошат дополнително веќе настанатата елементарна непогода или терористички напад

- Знаат кога и како благовремено да го исклучат централното напојување со вода и електрична струја
- Знаат да обезбедат простор при пронаоѓање на сомнителен предмет

Тимот за справување со кризи е задолжен да направи **план за правецот и патеката** на евакуацијата кој ќе содржи мапа на училиштето, дворот, придружните објекти и непосредната околина. Мапата треба да содржи детални информации за електричната и водоводната инсталација во училиштето . По можност мапата треба да биде поткрепена со фотографии од истите. На мапата посебно треба да се истакнат излезите од училиштето нивниот распоред со што точно ќе се дефинираат местата и начинот на кој луѓето ќе го напуштат училиштето од соодветните делови.

Точно треба да се прецизира кој од излезите во кое време е отклучен во кое заклучен и кој од административните работници и помошниот персонал е задолжен во најкраток можен временски период доколку е нефукционален

На самиот план треба да се истакнат **нивоа на евакуација** односно :

За прво ниво на евакуација (примарна) треба да се означат локациите надвор од школото, но во домет на видикот

На пример: маркантен објект преку улица

За второ ниво (секундарна) евакуција треба да се дефинираат подалечни локации кои повторно ќе ја имаат улогата на збирни центри , и каде ќе биде покажана прва медицинска помош

При дефинирањето на нивоата на евакуција треба точно да се напомени како ќе се движат учениците кон едното но и кон другото ниво со тоа што за примарното ќе се стугнува пешки, а за секундарното пеш и со моторизирано возило

Тимот треба да оствари ***контакти со локалните релевантни институции*** и помошни субјекти. Под релевантни институции се подразбираат оние кои се професионално обучени за справување со кризи: тим за превенција од терористички напад, итна медицинска помош, противпожарна служба, дирекција за заштита.

Покрај контактите со релевантните институции тимот е задолжен заедно со претставниците од истите да ги посетат местат за примарна и секундрана евакуација и точно да дефинираат каде и како ќе се собираат учениците

Задача на тимот е исто така со утврдениот план да бидат запознаени и едуцирани наставниците, административните работници и помошниот персонал на школото, релецантните институции и советот на родители според планот при потреба од евакуцаија

Наставниците помагаат кај децата, за тие да бидат згрижени. Нивна задача е во првите моменти од појавата на опасност т.с. од настанувањето на елементарната непогода да ги одведат или упатат децата на понатамошно ниво на евакуација , со што би се намалило хаотичното однесување а со тоа и намали и ризикот од повреди

Веднаш по санирањето на повредите и по ставање на контрола врз ситуацијата децата се пуштат кај родителите

Додатни задолженија на тимот на справување со кризи :

- Познавање на техники за брза проценка на оштетување
- Познавање на начини за справување и контролирање на толпа народ
- Да се спремни да им дадат помош на ученици со инклузија
- Да ги познават можностите и начините на комуникација и локалните организации за масовно иформирање и комуницирање

Активности на тимот за евакуација за време на епидемии и пандемии


За време на пандемија тимот за евакуација се води од насоките за реализација на настава дадени од МОН, Министерство за здравство како и комисијата за спречување на заразни болести. Планот за изведување на симулација за евакуација се донесува во месец Септември од новата учебна 2023/24 година согласно насоките за спречување и ширење на заразни болести и Covid протоколите.

Изработил:
Маре Ж. Трајковски

ПРВ СПРАТ

→ ГЛАВЕН ИЗЛЕЗ

⇢ СПОРЕДЕН ИЗЛЕЗ



ВТОР СПРАТ

→ ГЛАВЕН ИЗЛЕЗ

СПОРЕДЕН ИЗЛЕЗ

